ProCredit Bank

# Листа на активности кои ја загрозуваат животната и општествена средина, кои не се кредитираат од ПроКредит Банка

**Не се воспоставуваат или одржуваат[1] деловни односи со клиенти што се дефинирани како групи од поврзани правни субјекти што се вклучени во која било од следниве активности:**

**Неетички практики и услови за работа:**

1. Производство или дејности што вклучуваат штетни или експлоататорски форми на принудна работа/штетен детски труд[2], дискриминаторски практики или практики што ги спречуваат вработените во законитото уживање на нивните права на здружување и колективно договарање;
2. Производство или трговија со дрога[3];
3. Производство или трговија со оружје (вклучувајќи ловечко оружје) и муниција[4];
4. Коцкање (вклучувајќи онлајн коцкање), казина и еквивалентни претпријатија[5];
5. Издавање крипто валути или работење со платформи за менување крипто валути;
6. Проституција и какви било претпријатија чијашто примарна дејност е поврзана со порнографија;
7. Репродуктивни клиники и други здравствени установи што се вклучени директно или индиректно во заменско мајчинство[6] (на пр., преку посредување или друго систематско овозможување) или други етички сомнителни медицински третмани, вклучувајќи модификација и манипулација на генетски материјали и митохондријална заместителна терапија[7] и практики што вклучуваат трговија со човечки органи

**Дејности што се штетни за здравјето, безбедноста и животната средина:**

8. Производство, употреба или трговија со неврзани азбестни влакна или производи што содржат азбест[8];
9. Производство или трговија со производи што содржат полихлоринатни бифенили[9];
10. Производство или трговија со фармацевтски производи, пестициди/хербициди и други опасни супстанции што се предмет на меѓународно прогресивно исфрлање од употреба или забрани[10];
11. Производство или трговија со радиоактивни материјали (вклучувајќи чување и обработка на радиоактивен отпад), претпријатија или дејности што се поврзани со нуклеарната индустрија или нуклеарни материјали[11];
12. Неодржлив риболов[12];

---

1 Ова значи дека на таквите клиенти не им е дозволено да користат кои било од услугите на банката, вклучувајќи услуги за водење банкарски сметки и други услуги на страната на депозитите. Ако се утврди дека постоечките иматели на сметки се вклучени во дејностите што се наведени овде, нивните сметки ќе бидат затворени.

2 Ова ги вклучува сите активности поврзани со трговија со луѓе. Принудната работа значи секоја работа или служба што не се врши врз доброволна основа и се изнудува од лицето под закана од сила или казна. Штетен детски труд значи вработување деца што е економски експлоатирачко или веројатно би било опасно за или би го попречило образованието на детето, или би било штетно по здравјето на детето или по неговиот физички, ментален, духовен, морален или социјален развој. За дополнителни насоки видете: IFC (видете Заедничка изјава за политиката за принудна работа и штетен детски труд на IFC/MIGA), Декларацијата на МОТ за основните принципи и права на работа и начелата што се вградени во следниве конвенции: Конвенциите на МОТ 29 и 105 (принудна и обврзана работа), 87 (слобода на здружување), 98 (право на колективно договарање) 100 и 111 (дискриминација); 138 (минимална возраст); 182 (најлоши облици на детскиот труд); Универзална декларација за човековите права.

3 Поимот„дрога" се однесува на сите природни и синтетички опојни други и психотропни супстанции што се наведени во Единствената конвенција на ОН за опојни дроги (1961 г.) како и Жолтиот список на Меѓународниот одбор за контрола на дроги (INCB). Сите активности поврзани со производството и трговијата со овие опојни дроги се исклучени, освен за медицински или научни цели, во согласност со одредбите на Единствената конвенција на Обединетите нации за опојни дроги (1961 г.).

4 Друштвата за обезбедување што купуваат мало оружје и муниција за него за сопствена употреба и без да бидат наменети за препродажба се исклучени од оваа одредба.

5 Оваа одредба ги исклучува добротворните лотарии што исклучиво ја вложуваат добивката во добротворни активности за општо добро како и оние лица или субјекти што реализираат помалку од 35% од својот обрт преку нудење коцкање.

6 Каде што жената (сурогат мајка) се согласува да носи дете за друго лице или лица што потоа стануваат родители на детето по раѓањето. ПроКредит групата го почитува германскиот Граѓански законик, член 1591, според којшто мајката на детето е жената што го родила.

7 Посебен облик на ин витро оплодување каде што дел или целосната митохондријална ДНК на идното бебе доаѓа од трета страна и може да вклучува пренос на мајчинските хромозоми (MST), пронуклеарен пренос (PNT) и пренос на поларни тела (PBT).

8 Ова не се однесува на набавката и користењето плочи од азбестен цемент каде што содржината на азбест е <20%.

9 Полихлоринатни бифенили: група на високо токсични хемикалии што најчесто се наоѓаат во електрични трансформатори наполнети со масло, кондензатори и разводни уреди што датираат од 1950-1985 г.

10 Списокот на производите што се предмет на прогресивно исфрлање од употреба или забрана е достапен кај IFC или ЕБОР. Референтните документи ги вклучуваат Регулативата на ЕУ (ЕЕЗ) бр. 2455/92 за извоз и увоз на определени опасни хемикалии, со измените; Консолидираната листа на производи чијашто потрошувачка и/или продажба е забранета, повлечена, строго ограничена или не е одобрена од владите, изготвена од ОН; Конвенцијата за постапките за согласност врз основа на претходни информации за определени опасни хемикалии и пестициди во меѓународната трговија (Конвенција од Ротердам); Конвенцијата од Стокхолм за постојани органски загадувачи; Класификацијата на СЗО за опасни пестициди.

11 Ова не се однесува на набавката на медицинска опрема, опрема за контрола на квалитетот (мерење) и каква било друга опрема каде што радиоактивниот извор е незначаен и/или е соодветно заштитен.

13. Испорака на нафта или други опасни супстанции во танкери што не ги исполнуваат стандардите на Меѓународната поморска организација (IMO)[13];
14. Дејности што вклучуваат испуштање генетски модифицирани организми во природата без одобрение од надлежните органи или кога релевантниот орган се декларирал дека не содржи ГМО[14];
15. Трговија со дива флора и фауна или производи од дива флора и фауна што се регулирани во CITES[15];
16. Вршење на дејности за лов[16];
17. Прекуграничен транспорт на отпад што се забрането во согласност со меѓународното право[17];
18. Каков било вид хидроелектрични централи со производствен капацитет поголем од 15MW и акумулациски хидроелектрични централи со големи брани[18];
19. Производство или трговија со супстанции што ја уништуваат озонската обвивка и се предмет на меѓународно прогресивно исфрлање од употреба[19];
20. Неодржлива сеча на шуми[20];
21. Експлоатација на рудници за дијаманти и комерцијализација на дијаманти кога земјата-домаќин не го почитува договорот од Кимберли или слични меѓународни договори за екстрактивни ресурси;
22. Подземно рударство за експлоатација на метали, јаглен, нафтени шкрилци и други минерали;
23. Производство на дрвен јаглен со други методи освен со методот на реторта (употреба на херметички затворени метални садови)

**Дејности што имаат негативно влијание врз заедницата:**

24. Производство или трговија на кој било производ или дејност што се смета за незаконска во согласност со законите или прописите на земјата домаќин (т.е. националните закони или прописи) или со меѓународните конвенции и договори, вклучувајќи, без ограничување, законодавство или конвенции што се однесуваат на заштитата на биолошката разновидност[21] или културното наследство;
25. Дејности во рамките на, блиску или низводно од земјиште каде што живеат домородни народи и/или ранливи групи, вклучувајќи земјишта и водени текови што се користат за дејности за задоволување на сопствените потреби како напасување на стока, лов или риболов;
26. Дејности што може да имаат штетно влијание врз локалитети од културно или археолошко значење;
27. Дејности што вклучуваат недоброволно преселување;

---

12 Ова се однесува на незаконски, непријавен или нерегулиран риболов, риболов на загрозени видови и риболов со пловечки мрежи во морска средина со мрежи подолги од 2,5 км.

13 Ова вклучува: танкери што не ги поседуваат сите потребни MARPOL SOLAS сертификати (вклучувајќи, без ограничување, усогласеност со ISM законот), танкери на црната листа на Европската Унија или танкери што се забранети со Парискиот меморандум за разбирање за државната пристанишна контрола (Париски меморандум за разбирање) и танкери што треба прогресивно да се исфрлат од употреба во согласност со прописите 13G и 13H од Анекс 1 на MARPOL. Не смее да се користи ниеден танкер со единствен труп што е постар од 25 години.

14 За земјите на ЕБОР: активностите што вклучуваат испуштање ГМО во природната средина треба да се упатат до ЕБОР и да се оценат врз основа на применливите барања за работењето.

15 CITES: Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови од дивиот растителен и животински свет. Список со сите видови што се заштитени врз основа на CITES е достапен кај IFC или ЕБОР. За да утврдите кои видови се вклучени во списокот, посетете ја страницата http://www.cites.org или пристапете на базата на податоци за CITES видови на http://www.cites.org/eng/resources/species.html

16 Клиентите што се вклучени во еколошки одржлив лов се изземени од оваа одредба.

17 Референтните документи се: Регулатива (ЕЗ) бр. 1013/2006 од 14 јуни 2006 година за испораки на отпад; Одлука C(2001)107/Final на Советот на ОЕСР за ревизија на Одлуката C(92)39/Final за контрола на прекуграничното движење на отпад наменет за операции за повторна употреба; Базелска конвенција од 22 март 1989 година за контрола на прекуграничното движење на опасен отпад и неговото одлагање. За дополнителни информации и поедноставен водич за Базелската конвенција посетете https://www.basel.int

18 Во согласност со Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD), браната со височина од 15 или повеќе метри или со резервоар со волумен поголем од 3 милиони метри кубни се смета за голема брана.

19 Супстанции што го уништуваат озонот: хемиски соединенија што реагираат со и го оштетуваат стратосферскиот озон, што резултира во создавање на познатите „озонски дупки“. Протоколот од Монтреал утврдува список од ваквите супстанции и датуми за нивно целно намалување и прогресивно исфрлање од употреба. Списокот со хемиските соединенија што се уредени во Протоколот од Монтреал, што вклучуваат аеросоли, разладни гасови, средства за пенење, растворувачи и средства за противпожарна заштита, заедно со детални податоци за земјите потписнички и целните датуми за прогресивно исфрлање од употреба се достапни кај IFC или ЕБОР.

20 Неодржливата сеча вклучува комерцијални операции за сеча во примарни шуми, операции за сеча во какви било други видови шуми што не се во согласност со сертифицирано одрживо управување со шуми или трговија со дрво освен од сертифицирани одржливо управувани шуми.

21 Релевантните меѓународни конвенции за биолошката разновидност ги вклучуваат, без ограничување: Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни (Конвенција од Бон); Конвенција за мочуришта со меѓународно значење, особено како живеалиште на водните птици (Рамсар конвенција); Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа (Бернска конвенција); Конвенција за светското наследство; Конвенција за биолошка разновидност.

**Правните субјекти што вршат која било од следниве дејности нема да се финансираат[22]:**

28. Производство или трговија со алкохолни пијалаци (со исклучок на пиво и вино)[23];
29. Производство или трговија со тутун[24];
30. Дејности во или во близина на назначени заштитени подрачја класифицирани во Категориите I – IV на IUCN[25];
31. Производители на предмети од пластика за еднократна употреба или на пластични гранулати што се користат за производство на производи чиешто пуштање во промет е забрането во согласност со Директивата (ЕУ) 2019/904 на Европскиот парламент и на Советот

---

22 Финансираните правни субјекти во оваа категорија може да имаат сметки и да вршат трансакции, но не се квалификуваат за кои било од кредитните линии на банката.

23 Ова не се однесува на правните субјекти што не се во значителна мера вклучени во овие активности, како и на правните субјекти со изложеност помала од или еднаква на ЕУР 50.000. „Не се вклучени во значителна мера“ значи дека засегнатата активност е споредна на примарната дејност на правниот субјект.

24 Исто како претходното.

25 Дали некоја активност се дефинира како активност во близина на заштитено подрачје класифицирано во Категориите I – IV на IUCN зависи од различни фактори, како што е намената за зачувување на заштитеното подрачје и видот на активноста. Близината, што се зема предвид ако некоја активност е лоцирана во радиус до 500 метри од заштитеното подрачје, според тоа, се анализира во секој посебен случај.

Активностите во службените човечки населби во рамките или во близина на заштитените подрачја класифицирани во Категориите I – IV на IUCN што немаат значајно, штетно и неповратно влијание врз животната средина и што ги подобруваат еколошките и/или социјалните услови, документирано во соодветно експертско мислење, може да бидат изземени од исклучувањето. Во согласност со дефиницијата на OECP, „човечка населба“ се состои од: (а) физички компоненти на засолниште и инфраструктура; и (б) услуги во чијашто поддршка се физичките елементи, т.е. услуги во заедницата како што се образованието, здравството, културата, добросостојбата, рекреацијата и исхраната (извор: Поимник на статистички изрази на OECP).

Активностите во рамките на кое било друго заштитено подрачје што е посебно наведено се разгледуваат во секој поединечен случај. Другите заштитени подрачја може да се класифицирани според, на пример, IUCN категории V и VI, Локалитети од природното светско наследство на УНЕСКО, Рамсар локалитети (Конвенција за мочуришта од меѓународно значење), смарагдни локалитети (Бернска конвенција), Натура 2000, Клучни подрачја на биолошка разновидност.